| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Мешаме бои | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (4-6 години) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Љубопитност; истрајност;прецизност; иницијативност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 5-10 минути | 20 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да се поддржи во истрајноста на процесите на откривање и учење. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето ја завршува започнатата активност до крај. | |
| **Насоки** | |
| **Претходна подготовка за активност**<br>Подготовка на 6 чаши, кујнска хартија и бои<br><br>**Инструкции/насоки за играта**<br>На детето му се објаснува на кој начин ќе се постават чашите со растворена боја во водата, а на оние чаши коишто се полни само со вода им е потребно подолго време за да се добијат другите секундарни бои.<br><br>**Активност/игра**<br>Заедно со детето се местат чашите во круг се полнат со вода, а само во втората, четвртата и шестата чаша се става боја, односно сина, жолта и црвена боја. Чашите | |

| | |
|---|---|
| наредени во круг ги поврзуваме со кујнска хартија, која на краевите е натопена во течноста. Тие треба да се остават  да стојат два часа за да може да се добијат секундарни бои, односно чашите кои се полни со вода ја впиваат бојата од другите споредни чаши, при што во нив се гледа секундарната боја (пр. црвена и жолта=портокалова) | |
| **Прилози** | **Материјали** |
| <u>Прилог бр. 1</u><br><br>Слика со 6 чаши | • вода<br>• чаши<br>• бои<br>• кујнска хартија |
| **Активноста е подготвена од:** | |
| Едукатори: Ајрије Дачи, Ирена Дачи, Антигона Стурче, Албана Дураку, Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајнер: Марија Савиќ<br><br>Лектура: Јана Михајловска - Иванов<br><br>Превод: Агим Лека<br><br>Фотографија: Ена Утевска | |

**Прилог 1 – Фотографии од активноста и чашките**











#INNO4EDU